Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 2**

**31.01.2020**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***

**за објавување на ОДЛУКА**

**за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2020 година бр.17-1157/21од 27.12.2019 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година бр.17-1157/21 од 27.12.2019 година донесена на 35-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-161/1 Општина Демир Хисар**
**31.01.2020 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16,142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и 276/19), Советот на општина Демир Хисар, на 35-тата седница одржана на 29.01.2020 година, донесе

ОДЛУКА

за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2020 година бр.17-1157/21од 27.12.2019 година

Член 1

Член 1 се менува и гласи:

,,Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година изнесува 81,60 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Хисар“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2020 година.

Бр. 17-89/5 Совет на Општина Демир Хисар
29.01.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***

**за објавување на ОДЛУКА**

**за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2020 година бр.17-1157/22од 27.12.2019 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2020 година бр.17-1157/22 од 27.12.2019 година донесена на 35-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-161/2 Општина Демир Хисар**
**31.01.2020 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.61/04,96/04, 67/07,156/09,47/11,192/15, 209/18 и 244/19), член 31 од законот за Буџетите („Службен весник на РМ„ бр. 64/05,4/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16) член 93 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ бр. 27/14,199/14,48/15,154/15, 5/16,80/16,127/16, 142/16,2/17 ,16/17,11/18 и 276/19) и член 43 став 1 точка 2 од Статутот на Општината Демир Хисар ("Службен гласник на Општината Демир Хисар„ број 03/02,04/05,07/09,13/14,18/16,10/19), Советот на Општината Демир Хисар на 35-тата седницата одржана на 29.01.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## За измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2020 година бр.17-1152/22од 27.12.2019 година

Член 1

Во член 9 став 1 алинеа 2 вредноста на бодот „81,10„ се заменува со 81,60„ и во алинеа 3 вредноста на бодот „21,65„ се заменува со „21,78„.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар, а ќе се применува од 01 Јануари 2020 година.

Бр. 17-89/6 Совет на Општина Демир Хисар
29.01.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2020 година

1.Го објавувам Буџетскиот календар на општина Демир Хисар за 2020 година донесен на 35-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-161/3 Општина Демир Хисар**
**31.01.2020 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09,47/11,192/15,209/18 и 244/19) Советот на општина Демир Хисар на 35-тата седница одржана на ден 29.01. 2020 год. донесе

**Буџетски календар**
**на општина Демир Хисар за 2020 година**

| Ред. Бр. | АКТИВНОСТИ | Месец во годината |
|---|---|---|
| 1. | Советот на општина Демир Хисар го донесува буџетскиот календар. | јануари |
| 2. | Министерот зафинансии доставува циркулар -насоки за подготвување на буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | Најдоцна до 30ти септември |
| 3. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови до сите одделенија и буџетски корисници. | Најдоцна до 15ти октомври |
| 4. | Сите одделенија и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за | Најдоцна до 01ти Ноември |

| | | |
|---|---|---|
| | висината на износите по позиции. | |
| 5. | Одделението за Финансиски прашања подготвува проценки на вкупните приходи , ги разгледува анализира и усогласува предлог пресметките и финансиските планови , ги одредува приоритетите и одредбите за новиот предлог буџет и го известува градоначалникот за основните параметри. | Најдоцна до 10ти Ноември |
| 6. | Одделението за Финансиски прашања го изготвува нацрт буџетот и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување. | Најдоцна до 20 ти Ноември |
| 7. | Градоначалникот организира јавна расправа по нацрт буџетот . | Најдоцна до 30 ти Ноември |
| 8. | Градоначалникот доставува предлог буџет до Советот на општина Демир Хисар | Најдоцна до 15ти декември |
| 9. | Советот на општина Демир Хисар го усвојува предлог буџетот. | Најдоцна до 31ви декември |

Буџеткиот календар на општина Демир Хисар за 2020 година влегува во сила наредниот ден од објавувањето во службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 17-89/7 Совет на Општина Демир Хисар
29.01.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

## ЗАКЛУЧОК
### за објавување на ОДЛУКА за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности

1.Ја објавувам Одлуката за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности донесена на 35-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-161/4 Општина Демир Хисар**
**31.01.2020 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 5 од Законот за управување со кризи (“Службен весник на РМ” бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16) а во согласност со член 43 став 1 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19) и член 14 став 1 од Уредбата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определеувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процена (“Службен весник на РМ” бр.13/11), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.01.2020 година, донесе

Одлука
За редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности

Член 1

Се донесува одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности.

Со стапувањето во сила на Одлуката, започнуваат активностите за ажурирање на Процената, координирани од страна на Подрачното одделение на регионалниот Центар за управување со кризи Демир Хисар.

Член 2

Одлуката стапува во сила веднаш по објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-89/8 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.01.2020 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

## *ЗАКЛУЧОК*
## за објавување на ОДЛУКА за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2019 година

1.Ја објавувам Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2019 година донесена на 35-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-161/5 Општина Демир Хисар**
**31.01.2020 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 129 з и ставовите 1, 2 и 4 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.01.2020 година, донесе:

Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2019 година

Член 1

Со оваа одлука се усвојува Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2019 година, изготвен од службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар, кој е составен дел на Одлуката.

Член 2

Годишниот извештај по усвојувањето се доставува до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер на понатамошна постапка.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 17-89/9 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.01.2020 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Програмата за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на општина Демир Хисар за 2020 година

1.Ја објавувам Програмата за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на општина Демир Хисар за 2020 година донесена на 35-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-161/6 Општина Демир Хисар**
**31.01.2020 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

ПРОГРАМА ЗА КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

ЗА 2020 година

Декември 2019 година
Демир Хисар

**Врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16г) а согласно член 43 точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен Гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09г), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.01.2020 година, донесе:**

ПРОГРАМА
За контрола на популацијата на бездомни кучиња
на територијата на Општина Демир Хисар за 2020 година

## 1. ВОВЕД

Со оваа програма се утврдуваат активностите за третитање на бездомните кучиња-скитници, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се превземат на територијата на општината за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња, како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните.

## 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се превземат во 2020 година за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња.

Активностите за хумано третирање на бездомните кучиња-скитници на територијата на Општина Демир Хисар ќе опфатат:

-заловување на кучињата,
-транспорт до прифатилиште,
-прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина,
-лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза,
-ветеринарно медицински третман на кучињата, овариохистеректомија и орхиектомија,
-постоперативно сместување и нега,
-вакцинација и дехелментација,
-обележување со микрочип,
-враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата,
-еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното здравство,
-едукација и подигнување на јавната свест кај населението.

## 4. ОПИС НА АКТИВНОСТИ

### 4.1 Заловување на кучињата

Согласно законските прописи општината е надлежна да врши собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни

површини без присуство на сопственикот и привремено да ги сместат во соодветни објекти-прифатилишта. Во овие објекти треба да се обезбеди елементарна заштита на животните од непогодни временски услови и да се обезбеди нивно ефикасно затворање.

Заловувањето на бездомните кучиња се врши од страна на квалификувани лица на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

**4.2 Престој во прифатилиште, ветеринарно медицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња**

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Еутаназијата се врши:

-во согласност со важечките законски прописи и наредби;

-кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни, животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни;

-кога кучињата претставуваат опасност кон луѓето или другите животни и

-кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можноста за вдомување.

Медицински третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до Ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство за ветеринарно медицински третман на бездомните кучиња од прифатилиштето за што треба да се поседува валиден склучен договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифатилиштето доколку го поседува. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизираат. По завршената операција и пост оперативно опоравување животните се враќаат назад во прифатилиштето, односно во делот за престој во прифатилиштето каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Изведувачот на програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија, а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето.

Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат со средство против ендопаразити и ектопаразити. Третиранита кучиња и обележани со микрочип се враќаат во реонот на заловување или се вдомуваат, а вдомените се регистрираат во ветеринарно информативниот систем. Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

**4.3 Едукација и подигнување на јавната свест кај населението**

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Изведувачот на програмата е должен да обезбеди комуникација со граѓани преку разни форми на комуникација, да спроведува едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучиња.

**5. ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ**

Се предвидува интензитетот на заловување и капацитетот на сместување во прифатилиште да ги исполнува условите за сместување на 10 бездомни кучиња/месечно.

**6. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите утврдени во табелата подолу ќе се финансираат од Буџетот на Општина Демир Хисар со средства од Програмата на активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2020 година. Општина Демир Хисар ќе изврши трансфер на средства на изведувачот на програмата.

| **Реден број** | **Активност** | **Финансирање** | **Сума/денари** |
|---|---|---|---|
| **Заловување, транспорт, идентификација и евиденција** | | | |
| 1. | Заловување на бездомни кучиња | Општина Демир Хисар | 60.000,00 |
| 2. | Идентификација и евиденција | Општина Демир Хисар | 10.000,00 |
| 3. | Транспорт до прифатилиште | Општина Демир Хисар | 15.000,00 |
| 4. | Карантински престој (набљуд. и преглед од ветеринар) | Општина Демир Хисар | 50.000,00 |
| 5. | Престој во прифатилиште | Општина Демир Хисар | 90.000,00 |
| **Медицински третман на кучињата** | | | |
| 6. | Лабараториско испитување и вакцинација | Општина Демир Хисар | 75.000,00 |
| 7. | Овариохистеректомија и орхиектомија (стерилизација и кастрација) | Општина Демир Хисар | 100.000,00 |
| 8. | Постоперативно сместување и нега | Општина Демир Хисар | 30.000,00 |
| 9. | Еутаназија | Општина Демир Хисар | 30.000,00 |
| 10. | Закопување на мртви кучиња | Општина Демир Хисар | 20.000,00 |
| 11. | Транспорт | Општина Демир Хисар | 5.000,00 |
| **Подигнување на јавната свест** | | | |
| 12. | Организирање на јавни настани и манифестации за одглед. и вдомување на кучиња | Општина Демир Хисар | 10.000,00 |
| 13. | Непредвидени трошоци | Општина Демир Хисар | 5.000,00 |
| | | | |
| **Вкупно** | | | **500.000,00** |

## 7. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Годишната програма ќе ја реализира субјект кој општината ќе го избере на јавен повик и кој ги исполнува условите за изведување на активностите согласно закон.

Доколку на јавниот повик не се јави изведувач на програмата, општината Демир Хисар се задолжува во рок од 15 дена, договорно да ангажира двајца лиценцирани заловувачи, како и фирма која ќе изврши транспорт на заловените кучиња до институција во која треба да се изврши третирање на заловените кучиња-скитници.

## 8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2020 година, ќе се применува по одобрување на истата од Агенцијата за храна и ветеринарство на РМ, и донесување од страна на Советот на општината.

Надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за инспекциски надзор во Општина Демир Хисар. За спроведените активности на терен, изведувачот е должен да изготвува квартални извештаи кои ќе бидат доставени

до Градоначалникот и ќе бидат усвоени од Советот на општината.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**Бр. 17-89/10 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.01.2020 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за изработка и одобрување на ЛУПД за формирање на градежна парцела на дел од КП.бр.1098, КО Загориче

1.Ја објавувам Одлуката за изработка и одобрување на ЛУПД за формирање на градежна парцела на дел од КП.бр.1098, КО Загориче донесена на 35-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-161/7 Општина Демир Хисар**
**31.01.2020 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/2014, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22, став 1 точка 1 и точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл. Гласник на општина Демир Хисар бр. 3/2002), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.01.2020 год. донесе

**ОДЛУКА**
***За изработка и одобрување на ЛУПД за формирање на градежна парцела на дел од КП бр. 1098, КО Загориче***

член 1

Да се отпочне со постапка за изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација за формирање на градежна парцела на КП бр. 1098, КО Загориче, заради решавање на сообраќајно решение за објект Станица за технички преглед на моторни возила.

Иницијативата ја поднесува АЛЕК ТА КОМПАНИ, ул. „Галичица" бр. 8 од Битола, поради трајно решавање на влез и излез на возила во објектот за технички преглед на возила, кое е неопходно потребно за понатамошно работење на објектот.

**Бр. 17-89/11 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.01.2020 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Програма за донесување на урбанистичи планови за Општина Демир Хисар за 2020 година

1.Ја објавувам Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2020 година донесена на 35-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-161/8 Општина Демир Хисар**
**31.01.2020 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1, точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02) а во согласност со член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/2014, 44/15, 193/1531/16, 163/16, 64/18), Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.весник на РМ бр. 23/2011;155/2012;53/13; 72/13; 44/12; 115/14; 199/14; 124/15; 129/15 и Правилниците), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл. Гласник на Општина Демир

Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.01.2020 година донесе

## ПРОГРАМА

### За донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2020год.

**Член 1**

**I - Генерални урбанистички планови**

**1.** Изработка на Генерален урбанистички план за општина Демир Хисар. Се продолжува со постапката за изработка на ГУП. Планот се изработува согласно годишната Програма за изработка на Урбанистички планови и Државна и локална урбанистичка планска документацијаво РМ за 2014год., а го изработува Агенцијата за просторно планирање.

**I I- Детални урбанистички планови**

1. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 2250, КО Демир Хисар, со намена домување, со површина која накнадно ке се утврди, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Симе Зинговски, Демир Хисар.

2. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 2307 и КП бр.2297, КО Демир Хисар, со намена домување, со површина која накнадно ке се утврди, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Кирило Блажевски и Живко Блажевски, Демир Хисар.

3. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр.1767, КО Демир Хисар, со намена Б1 – мали комерцијални и деловни објекти, со површина која накнадно ке се утврди, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барања за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Тони Трајчевски, Добре Бакиевски и Пецо Јанкуловски.

4. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, со намена домување, заради вклопување на бесправно изграден помошен објект, кој зафаќа дел од јавна површина, (тротоар), согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Димитрија Трајковски.

5. Изработка на измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 1808/1, КО Демир Хисар, со намена В-јавни институции, заради вклопување на бесправно изграден објект, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија – административна зграда (барањето е доставено до МТВ).

6. Изработка на измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 2714, КО Демир Хисар, заради вклопување на бесправно изградени објекти со деловна намена и обезбедување пристап кон градежните парцели.(По улица 1ви Мај).

**I I I - Урбанистички план вон населено место со граници на опфат:**

1. Изработка на Урбанистички план вон населено место, со намена Г1-Лесна и незагадувачка индустрија, со опфат за кој ке се утврди накнадно, за КО Бабино и КО Слоештица, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на ГД Гранит, АД Скопје.

2. Изработка на Урбанистички план за вон населено место, на КП бр.1 КО Големо Илино, со намена - туристички локалитет, предвиден и со Просторниот План на РМ ("Сл. Весник на РМ", бр.39/04 г.), во површина од приближно од 2,5 ха. Земјиштето е во сопственост на РМ, пасиште, трета класа.

**IV- Локална урбанистичка планска документација**

1. Изработка на ЛУПД за изградаба на објекти за аквакултура, со опфат за КП бр. 2297, 2284, 2285, 2291, 2292, 2293, 2294, 2295, 2296, 2298, 2299, 2300 и 2301, м.в. Скара, со површина од 19.599м$^2$, КО Доленци, Демир Хисар, согласно графички прилог кој е составен дел од оваа Одлука. Постапката е отпочната на барање на „Аква Ленд“ ДОО Скопје, кој е воедно инвеститор.

2. Изработка на ЛУПД за вклопување на деловен објект, со опфат за КП бр. 1098, КО Загориче, со површина која ке се утврди накнадно, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на ЈП „Македонски шуми“ Скопје, подружница шумско стопанство „Бигла“ и согласно поднесена иницијатива од страна на АЛЕК ТА Компани, Битола за изработка на ЛУПД за формирање на градежна парцела на дел од КП бр. 1098, КО Загориче, заради решавање и изведба на сообраќајно решение за пристап кон објектот СТП (станица за технички преглед на возила).

3. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер Манастир св.Петар и помошен објект, на КП бр. 9 и КП бр. 10, КО Смилево, по барање на МПЦ.

4. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер Манастир св.Атанас и помошен објект, с.Журче, на КП бр. 538, КО Журче, по барање на МПЦ.

5. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер Манастир св.Антониј и помошен објект,с. Стругово, на КП бр. 1853 и КП бр. 1854, КО Стругово, по барање на МПЦ.

6. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер Манастир св.Јован и помошни објекти, на КП бр. 4126, 4125, 4123, 4120, 4114/1, сите во КО Слепче.

7. Изработка на ЛУПД за намена Д4- меморијални простори-гробишта, со опфат од 0,6ха, на КП бр. 2428, КО Демир Хисар, заради проширување на опфатот на постоечките гробишта.

**V. Урбанистички план за село**

1. Изработка на Урбанистички план за село Кутретино, со опфат приближно од 28ха.

2. Изработка на Урбанистички план за село Белче, со опфат приближно од 40ха.

**VI. Урбанистичко-проектна документација (АУП и ПИ)**

1. Да се изработи Проект за инфраструктура за изградба на улици во с.Кутретино, во новата населба, (согласно Програмата за комунално уредување за општина Демир Хисар за 2020год., Подпрограма Ф1 – Урбанистичко планирање) за потребите на општина Демир Хисар.
2. Да се спроведе постапка за заверка – одобрување на Архитектонско Урбанистички Проект (АУП) за изградба на бензинска пумпна станица со придружни објекти во КО Сопотница, изработен од страна на Д.О.О. ИЗОФАС Прилеп, со техн. број У-11/19 од Ноември 2019год, со извршена ревизија од страна на ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ Прилеп, Бр. 08-1155/1 од 08-11-2019, предвидени за изградба се КП бр. 4854/1 и КП бр. 4853/1 КО Сопотница, опфатот на АУП изнесува 3740м$^2$, намена на земјиштето е - „Е“ инфраструктура, „Е2“ комунална инфраструктура -бензински пумпи со пратечки содржини.

**VII. Изработка на општи акти**

1.Да се отпочне постапка за изработка и донесување на општи акти за следните села во Општина Демир Хисар:
Бабино, Бараково, Базерник, **Белче,** Боиште, Брезово, **Единаковци**, **Вардино**, **Сладуево, Кутретино,** Церово, Доленци, Големо Илино, Граиште, Лесково, Мало Илино, Мренога, Ново Село, Обедник, Прибилци, Радово, Ракитница, Стругово, Утово, Вирово, Зашле, Журче, **Жван,** Велмевци, Кочишта, Загориче, Железнец и Растојца, согласно со член 83-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко и просторно планирање (Сл. весник на РМ бр. 168/2018), Прирачникот за водење постапка за донесување и изготвување на општи акти (Сл. Весник на РМ бр. 229/2018);
2. Да се отпочне постапка за проширување на опфат на општ акт за село Слепче, заради легализација на бесправно изграден објект на КП бр. 3881, КО Слепче, а по барање на Киро Коруновски од Скопје, ул „Коперникова“ (согласно член 83-а, став3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање Сл.весник на РМ бр. 168/2018)

**VIII.Вклопување на бесправно изградени објекти во идна планска документација**

1.Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден деловен објект во идната планска документација, на КП бр. 2365, КО Жван, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект од страна на

Македонски Телеком АД Скопје, ул. Кеј 13 Ноември бр. 6 и АД Македонска Пошта Скопје, ул. „Орце Николов“ бр. 46.

2.Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден деловен објект во идната планска документација, на КП бр. 662, КО Кочишта, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект од страна на Македонски Телеком АД Скопје, ул. Кеј 13 Ноември бр. 6.

3.Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден деловен објект во идната планска документација, на КП бр. 749/2, КО Обедник, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект од страна на Македонски Телеком АД Скопје, ул. Кеј 13 Ноември бр. 6.

4. Се донесува одлука за вклопување на бесправно изграден станбен објект во идната планска документација, на КП бр. 987/1, 986/1, 990 и 991, КО Приибилци, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на лицето Стојан Давидовски.

5. Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден станбен објект во идната планска документација, на КП бр. 1164, КО Доленци, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на лицето Нешковска Даниела.

6.Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден станбен објект во идната планска документација, на КП бр. 1047, КО Журче, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на лицето Добре Тренчевски од Битола.

7.Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден деловен објект во идната планска документација, на КП бр. 1180/3, КО Големо Илино, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект од страна на Сашо Ѓорѓевиќ од Битола.

8. Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден деловен објект во идната планска документација, на КП бр. 1219/2, КО Големо Илино, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект од страна на Живко Најдовски од Битола.

9.Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден станбен објект во идната планска документација, на КП бр. 1213, КО Доленци, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на Апостолоски Борис, Макариоска Каролина и Валентина Тодоровска од Скопје

10. Со оваа одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за вклопување на бесправно изграден помошен објект на КП бр. 986 за КО Кутретино во идна урбанистичка планска документација, усогласувајќи ги намените во планската документација, а по барање за утврдување на правен статус од страна на Ѓорѓиовски Јовче, с. Кутретино.

11. Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден деловен објект во идната планска документација, на КП бр. 345, КО Зашле, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на Македонски Телеком АД – Скопје.

12. Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден индивидуален станбен објект и помошен објект во идна планска документација, на КП бр. 575/3, КО Кутретино, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект од страна на Драгица Ѓорѓиовска од с.Кутретино, Демир Хисар.

13. Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден станбен објект во идна планска документација, на КП бр. 152, КО Кутретино, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект од страна на Александар Петрески од село Кутретино.

14. Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти и тоа индивидуален станбен објект и помошен објект, во идна планска документација, на КП бр. 359/1, КО Суводол и дел во КП бр.1632 КО Суводол по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект од страна на Димче Бошевски од село Суводол.

